# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

## AQUA BIDESTILATA/ ВОДА ЗА ИНЈЕКЦИИ
**вода за инјекции**

**Прочитајте го упатството внимателно, бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Ако добиете несакан ефект, вклучувајќи ги и несаканите ефекти кои не се опишани во ова упатство, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт*

**Што содржи упатството:**

1. *Што претставува* AQUA BIDESTILATA *и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите* AQUA BIDESTILATA
3. *Како да употребувате* AQUA BIDESTILATA
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на* AQUA BIDESTILATA
6. *Дополнителни информации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА AQUA BIDESTILATA И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**Што претставува AQUA BIDESTILATA ?**

AQUA BIDESTILATA е вода за инјекции.

**За што се употребува AQUA BIDESTILATA?**

Водата за инјекции се користи како растворувач и дилуент на лекови наменети за парентерална употреба (лекови кои се аплицираат преку интравенска-во вена, интрамускулна-во мускул или субкутана-под кожа инјекција).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ AQUA BIDESTILATA

**Немојте да употребувате AQUA BIDESTILATA ако:**

Контраиндикациите за употреба на AQUA BIDESTILATA ќе зависат од лекот кој е растворен/разреден во водата за инјекции.

**Бидете особено внимателни при употреба на AQUA BIDESTILATA**

*Пред употреба на AQUA BIDESTILATA обратете се за совет кај Вашиот доктор, медицинска сестра или фармацевт.*

Неконтролираниот внес на вода во краток временски период (интоксикација со вода) може да предизвика електролитен дисбаланс (нарушување на рамнотежата на соли) и да доведе до отекување на мозочните клетки со појава на симптоми како грчеви, кома, дури и смрт.
Водата за инјекции не смее да се употребува без растворен адитивен лек бидејќи ќе предизвика отекување и пркање (хемолиза) на црвените крвни клетки (еритроцитите).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек. Ова ги вклучува и лековите кои може да се купат без лекарски рецепт и хербални лекови.*
Нема познати интеракции со AQUA BIDESTILATA.

*Доколку имате потреба од совет консултирајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Бременост и доење**
*Консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Водата за инјекции може да се применува кај бремени жени и доилки со придржување до препораките за дозирање, контраиндикациите и мерките на предупредување при употреба на производот.

**Возење или управување со машини**
AQUA BIDESTILATA не влијае врз способноста за возење и управување со машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ AQUA BIDESTILATA?
*Секогаш земајте AQUA BIDESTILATA точно како што Ви е препишано од Вашиот доктор. Доколку не сте сигурни ккао да го употребувате лекот консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.*
Водата за инјекции ќе ви ја апплицира медицинскиот персонал.

**Дозирање и начин на употреба**
Дозата, начинот на апликација и фреквенцијата (честотата) на апликација зависат од возраста, телесната тежина и клиничката состојба на пациентот, како и од природата на лекот кој се применува. Вашиот доктор ќе одлучи која е правилната доза за вас.

**Ако сте зеле поголема доза од AQUA BIDESTILATA отколку што треба:**
Овој медицински производ на ќе Ви го апплицира Вашиот допктор или медицинска сестра, кои ќе ја следат Вашата состојба за време на третманот. Заради тоа, мала е веројатноста да примите поголема доза од потребната.
Во случај на предозирање, Вашата терапија ќе се прекине и ќе бидете следени за појава на знаци и симптоми поврзани со предозирањето. Може да е потребно да примите терапија за елиминација на вишокот на течности.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот:**
Не земајте двојна доза за да ја надополните пропуштената.

*Доколку имате дополнителни прашања околу користењето на лекот, консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА
Како и сите лекови AQUA BIDESTILATA може да има несакани дејства кај некои пациенти иако тие не се појавуваат кај сите.
При придржување до препораките за дозирање и апликација на медицинскиот производ не се пријавени несакани ефекти.

**Пријавување на суспектните несакани дејства**

Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ AQUA BIDESTILATA

Производот чувајте го на места недостапни за деца.

Не употребувајте го лекот по истекот на рокот на употреба кој е наведен на пакувањето. Рокот на употреба е до последниот ден од месецот назначен на пакувањето.

Водата за инјекции треба да се чува во оригиналното пакување, на температура под 25°C.

Лековите не треба да се отстрануваат преку отпадната вода и домашниот отпад. Консултирајте се со Вашиот фармацевт како да ги отстраните непотребните делови од лекот. На овој начин придонесувате за заштита на околината.
Не го употребувајте производот ако забележите:

- дека растворот е заматен или има видлива пребоеност
- дека пакувањето на производот е оштетено.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи AQUA BIDESTILATA**

- активна супстанција: вода за инјекции.
- не содржи помошни супстанции.

**Изглед на AQUA BIDESTILATA и содржина на пакувањето**

Стаклено шише од 500 ml

**Име и адреса на производителот**

Fresenius Kabi Italia S.r.l
Via camagre, 41 I – 37063 Isolla della Scala – Verona, Италија

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет**

Рифам доо, ул. „Мара Угриноска“ бр. 144, Гостивар, Р. Македонија

**Начин на издавање**

Лекот се издава само во здравствена установа (3)

**Број на одобрението за ставање на лекот во промет**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

Мај, 2019